Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 09-366/1
Датум 01.02.2023

# ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД ВИНИЦА

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 01.12.2022 година во 11.30 часот, согласно Планот за надзор бр.08-33/4 од 31.01.2022 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Виница.

Претходно, со писмо од 15.02. 2022 година ВД Претседателот на Основниот суд Виница беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со ВД Претседателот на судот Васка Петрова во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. ВД Претседателка на судот Васка Петрова е избрана за судија на Апелациониот суд Штип и истата е делегирана во Основниот суд Виница од 09.07.2020 година.

Во Основниот суд Виница покрај ВД претседателот има уште еден судија кој работи граѓански предмети, извршување на санкции и прекршоци, со тоа што судот нема судија кривичар. По систематизацијата на судот се предвидени три судиски места. Потребно е да биде извршен избор на претседател на судот и уште еден судија кој ќе постапува по кривични предмети. Во судот се вработени двајца судски стручни соработници (1 судски советник и 1 помлад соработник), од предвидените три работни места по систематизација за судски стручни соработници. Во судот има двајца дактилографи од кој едниот е вработен на неопределено време, а другиот на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

определено време. Претседателката на судот истакна дека под итно е потребно да се вработат уште двајца дактилографи. Дел од судските службеници се вработени на определено работно време. Има 10 испразнети работни места на судски службеници и истите не се пополнуваат. Во судот нема раководител на судска служба.

***ПРЕПОРАКА: Итно да се изврши избор на Претседател на Основниот суд во Виница и избор на еден судија-кривичар и да се пополнат испразнетите работни места на судски службеници.***

Судската зграда е реновирана и условите за работа се добри. Има рампа за инвалиди и една судница која се наоѓа на приземјето.

Архивата е на приземје истата е опремена со метални ормани и редовно се излачува архивската граѓа. Во архивата се чуваат и нотарските предмети, меѓутоа се укажа дека на долг рок истото ќе биде невозможно бидејќи архивскиот простор е ограничен.

Судот располага со службено возило голф кој е од 2002 година, одржувањето на возилото е многу скапо и неопходно е да се набави возило за увид на лице место, треозрски плаќања и за други службени потреби.

***ПРЕПОРАКА: Да се обезбеди возило за потребите на судот.***

Во судницата нема тонско снимање, бидејќи опремата за тонско снимање е застарена и расипана и неможе да се поправи и истата не е компатибилна со новата информатичка опрема.

***ПРЕПОРАКА: Генерална препорака за Судскиот совет на Република Северна Македонија е да се отвори прашањето за опремување на судовите со нова современа опрема за тонско снимање на рочиштата со обезбеден начин на нивно одржување и сервисирање бидејќи овој проблем е присутен во сите контролирани судови.***

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2019, 2020 и 2021 година.**

Беше констатирано дека е донесена Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите заведена под Су-59/2011 од 08.02.2011 година. Надзорната комисија беше информирана, дека се прави измена на одлуката само ако има персонални промени.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2019, 2020 и 2021 година по предлог на Работното тело**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите за 2019, 2020 и 2021 година се донесени и заведени под Су бр.01-19/19, Су-04-360/19 од 30.12.2019 година и Су-04-14/21, со анализа на работата во судот и предлог мерки за надминување на застојот во работењето.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2019, 2020 и 2021 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена, дека најмалку два пати годишно се врши надзор и се изготвуваат записници. Комисијата изврши увид во записници Су-105/19 и Су-04-174/20 и службена белешка Су-03-85/21 од 07.09.2021 година.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Виница, за 2019, 2020 и 2021 година.**

Апелациониот суд Штип извршил надзор во Основниот суд Виница во 2019 година два пати и во 2021 година еднаш. Комисијата изврши увид во извештаите на Апелациониот суд Штип за извршениот надзор Су бр.483/19-2 од 28.05.2019 година, Су бр.1043/19-2/3 од 16.12.2019 година и Су бр.863/21 -3 од 27.10.2021 година.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници.

Претседателот информираше, дека секојдневно се во контакт со судијата, а еднаш месечно одржуваат седница и за истата се изготвува записник.

6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)

Тековни обуки за работење на АКМИС на ново вработените ги врши информатичарот во судот. Во судот нема организирана обука за користење на АКМИС за вработените во судот.

***ПРЕПОРАКА: Академијата за судии и јавни обвинители според членот 13 од Законот за управување со движењето на судски предмети во судовите е задолжена за организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарот и другите вработени во судот.***

7. Судски администратор (член 60 од СД)

Судот нема судски администратор, бидејќи е суд со основна надлежност но нема ниту раководител на судска служба.

***ПРЕПОРАКА: Претседателот на судот да спроведе постапка за избор на раководител на судска служба.***

8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД).

Изготвени се Списоци на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи за контролираниот период Су-01-19/19 од 27.02.2019 година, Су бр.04-359/19 од 30.12.2019 година и Су бр.04-14/21 од 21.01.2021 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд.**

ВД Претседателот на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија увид во во извештаите од февруари 2020 за 2019, февруари 2021 за 2020 и февруари 2022 за 2021 година.

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД).**

Внатрешните процедури за Основниот суд Виница редовно се носат заедно со годишниот распоред за работа и истите беа ставени на увид Су-04-359/19 од 30.12.2019 година, Су-01-19/19 од 27.02.2019 година и Су бр.04-14/21 од 21.01.2021 година. Се почитуваат протоколите за работа во судот.

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД).**

Во судот не се формирани судски оддели, со оглед на фактот дека има само двајца судии заедно со ВД претседателката на судот.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека за следење на судската пракса со годишниот распоред е задолжен стручен соработник.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2019, 2020 и 2021 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)**

Годишниот распоред на Основниот суд Виница за 2019 година е донесен на 28.12.2018 година и заведен под Су-04-158/18 и истиот е менуван два пати, поради исполнување на услови за старосна пензија, за 2020 година е донесен на 30.12.2019


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

година и заведен под Су-04-359/19 од 30.12.2019 година и измена Су-04-82/20 од 18.05.2020 година, поради делегирање на судија. Годишниот распоред за 2021 година е донесен на 29.12.2020 година заведен под Су-04-244/20 од 29.12.2020 година и истиот е менуван два пати Су-04-7/21 од 12.01.2021 година и Су-04-66/21 од 23.03.2021 година, поради престанок на работен однос.

Измените на годишниот распоред се со образложение на причините за измена и истите се вршени според членот 88 став (3) од Законот за судовите.

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурста во судот, евидентирани во АКМИС (116).**

Држурствата се организираат само за време на годишните одмори Су бр.04-178/19.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот има една слободна просторија која што можат да ја користат адвокати.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласна табла која е во функција и на видливо место.

**17. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД).**

Надзорната комисија беше известена, дека за АКМИС е задолжен Ѓорѓи Атанасов информатичар - советник. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

Автоматска распределба и прераспределба на предмети се врши од страна на уписничарите во судот.

**18. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2019, 2020 и 2021 година (175 став 5 СД).**

ВД Претседателката на судот наведе, дека во судот нема исклучувања на судии од распределба на предмети, освен кај изземањето.

**19. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС).**

Членовите на надзорната комисија беа известени, дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот редовно. Во нив е содржана постапката за движење на предметите, старите предмети и податок дали е совладан приливот на предмети. Комисијата изврши увид во неколку месечни извештаи по случаен избор: Су-01-32/19 од 09.07.2019 година, Су-01-4/21 од 08.01.2020 година и Су-01-9/20 од 10.02.2020 година.

**20. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2019, 2020 и 2021 година.**

Изземањето на судија се врши со Решение кое е образложено, по што претседателот на судот го доделува предметот на друг судија, но не со назнака преку АКМИС (пр. СУ-ИЗЗ-30/19 , СУ-ИЗЗ-9/19, СУ-ИЗЗ-25/19, СУ-ИЗЗ-30/20 и СУ-ИЗЗ-43/21 ).

По предмети по кој постапува само еден судија распределбата се движи кон наведениот судија, преку АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: Задолжително прераспределбата на предметот да се врши преку АКМИС и истото да биде содржано во решението за иземање.***

**21. План за годишен одмор на судиите, за 2019, 2020 и 2021 година 115 СД).**

Надзорната комисија констатираше, дека не се изготвува план, туку само решенија за користење на годишен одмор, при што се внимава во судот да има доволно судска служба.

**22. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2019, 2020 и 2021 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба и тоа: ПРК-Ј, ПРК-С, ПРК-О, ПРК-Р, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: П1, П2, П3, П4, П5, РО, МАЛВП, К и уписници по кои постапува само претседателот на судот се: СУ, СПИ, КУК, КУИКП, КТР, КС-КР, КР, К-ПП, КПД, КП, ИКП, ЗАМ-К и РВ-ПП.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС, но исто така и актите се изготвуваат во АКМИС.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и уписниците за кои е доделен само еден судија.

**23. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година.**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

**24. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Виница.

Комисијата беше известена дека во судот е доставен нов сервер и еден нов скенер кој ги задоволува потребите на судот. Исто така, Комисијата беше информирана дека судот нема потреба од нови персонални компјутери за непречено функционирање. Редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци се врши на екстерен уред.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се стави во функција новиот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от во судот.***

**25. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека влезните документи во Основниот суд во Виница се скенираат, односно дека сета документација се скенира.

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник.**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.30 часот. Итните предемети се распределуваат веднаш.

На денот на надзорот при проверка на Контролниците не се забележани случаи на две распределби на ист датум.

Исто така, не е забележано вклучување и исклучување на судии од автоматска распределба на ист датум освен во случај од престанување на функцијата на некој судија.

Во 2019, 2020, 2021 година уписниците не биле ставени на автоматска распределба бидејќи немало двајца судии кои постапувале по истиот уписник.

Комисијата беше информирани дека некои уписници се ставени на автоматска распределба од 2022 година.

*ПРЕПОРАКА: Задолжителна примена на АКМИС за сите активни уписници.*

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**27. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судскиот веб портал во однос на вкупен број одлуки донесени во судот.**

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2019 година се објавени 445 анонимизирани одлуки, во 2020 година се објавени 304 анонимизирани одлуки и во 2021 година се објавени 327 одлуки.

**28. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана, дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

**29. Уписници што се водат во хартиена форма**

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Виница само уписникот ЗАВ-заверки на договори се водел во електронска и хартиена форма.

Увидот заврши на ден 01.12.2022 година во 14:30 часот.